**ДП бр. 13/24**

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен Елена Милушева - Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот СС од С по одржаната расправа во согласност со член 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 3.12.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот С.С. од С. **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.182/23, на ден 13.6.2024 година, примила предлог за издавање на решение за нотарски платен налог (НПН) врз основа веродостојна исправа од доверителот Снабдување со топлинска енергија Б.Е. ДООЕЛ Скопје, и на ден 14.6.2023 година донела решение за нотарски платен налог НПН бр.182/23 и истото го доставила до должникот хх на ден 26.2.2024 година, односно после осум месеци од денот на донесувањето, со што постапила спротивно на членот 71 став (7) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **парична казна** во износ од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

**Претседател на советот**
**Елена Милушева-Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата;
- По конечноста до Министерство за правда;